ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-2244/1
Скопје 30.10.2019 година

# ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК
# НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# Ц.О. СКОПЈЕ

## Тримесечен финансиски извештај
## за работењето на ЈП Службен весник на РСМ
## за период ЈУЛИ – СЕПТЕМВРИ 2019 година

Скопје, октомври 2019 година

**Тримесечен финансиски извештај**
**за работењето на ЈП Службен весник на РСМ**
**за период јули - септември 2019 година**

Во периодот **јули - септември 2019 година** Јавното претпријатие Службен весник на РСМ Скопје, реализирајќи ги задачите утврдени со Програмата за работа и развој за 2019 година ги оствари следните резултати:

**ФИЗИЧКИ ОБЕМ**

1. Претплатата на службеното гласило „Службен весник на РСМ" изнесува 1.224 примероци и во споредба со бројот на примероци (1374) во истиот период од 2018 година, бележи намалување од 10,92%.
2. Претплатата на „Регистарот на прописи на РСМ" изнесува 13 пристапи и во споредба со бројот на пристапи (36) во истиот период од 2018 година, бележи намалување од 63,89%.
3. Претплатата на електронското издание база на прописи на РСМ изнесува 1.524 пристапи и во споредба со бројот на пристапи (1.337) во истиот период од 2018 година, бележи зголемување од 13,99%.
4. Претплатата на електронското издание на Службен весник на РСМ изнесува 376 пристапи и во споредба со бројот на пристапи (393) во истиот период од 2018 година, бележи намалување од 4,33 %.
5. Огласите од сите типови збирно изнесуваат 17.640 барања и во споредба со истиот период (18.072) од 2018 година бележат намалување од 2.39% кој се должи на следното:

-Барањата за огласување на неважечки документи во споредба со истиот период од 2018 година, бележат намалување од 5.75%,

-Барањата за огласување на акти и огласи на правни лица, како што се одлуки, правилници, статути, финансиски извештаи, повикување на доверители, план за поделба на ТД, промена во судскиот регистар и слично во споредба со истиот период од 2018 година бележат зголемување од 30,07%,

-Барањата за огласување на јавните набавки во споредба со истиот период од 2018 година бележат зголемување од 109,49%,

-Барањата за објавување на судски огласи, ликвидации, стечаи и слично во споредба со истиот период од 2018 година, бележат намалување од 8,60%,

-Јавните објави на извршителите во споредба со истиот период од 2018 година бележат зголемување од 24 % и

-Барањата за објавување на нотарски огласи во споредба со истиот период од 2018 година бележат намалување од 32,78 %.

Движењето на обемот на објавените огласи по типови за период јули - септември 2019 година е дадено во Прегледот бр.1 во продолжение на текстот.

**Преглед бр.1 за број на објавени огласи по типови за период јули - септември 2019 година**

| Р. бр. | ТИП НА ОГЛАСИ | VII-IX 2018 | VII-IX 2019 | Индекс (4:3x100) | Пораст/ Опаѓање |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | **ЛИЧНИ ОГЛАСИ -НЕВАЖЕЧКИ ДОКУМЕНТИ** (лични карти, пасоши, раб.книшки, свидетелства, дипломи, дозволи, легитимации и други лични документи) | 12.513 | 11.793 | 94,25 | -5,75 |
| 2 | **АКТИ И ОГЛАСИ НА ПРАВНИ ЛИЦА** (одлуки, правилници, статути, промена во судски регистар, усогласување, повикување на доверители, план за спојување, план за поделба на ТД, одлуки за малопр. цени, финан.извештаи и сл.) | 153 | 199 | 130,07 | 30,07 |
| 3 | **ЈАВНИ НАБАВКИ** (отворени повици, ограничени повици, барања за прибирање на понуди и сл.) | 1.275 | 2.671 | 209,49 | 109,49 |
| 4 | **СУДСКИ ОГЛАСИ** ( ликвидации, стечаи, здруж.на граѓани, рег. на политички партии и сл.) | 593 | 542 | 91,40 | -8,60 |
| 5 | **ЈАВНИ ОБЈАВИ НА ИЗВРШИТЕЛИ** | 100 | 124 | 124,00 | 24,00 |
| 6 | **НОТАРСКИ ОГЛАСИ** (засновање и реализација на залог и сл.) | 3.438 | 2.311 | 67,22 | -32,78 |
| | **ВКУПНО:** | **18.072** | **17.640** | **97,61** | **-2,39** |

## ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ

**1. ВКУПНИТЕ ПРИХОДИ** во периодот јули - септември 2019 година изнесуваат 24.479.316 денари што претставува 23 % зголемување во однос на финансискиот план за третиот квартал во 2019 година или во однос на вкупните приходи остварени во истиот период во 2018 година бележат зголемување за 26%.

**2. ВКУПНИТЕ ТРОШОЦИ** во периодот јули - септември 2019 година изнесуваат 14.845.026 денари што претставува 11% намалување во однос на финансискиот план за третиот квартал во 2019 година или во однос на вкупните трошоци остварени во истиот период во 2018 година бележат зголемување за 4%.

Остварените **приходи и трошоци** по ставки во периодот јули - септември 2019 година споредени со финансискиот план за третиот квартал 2019 година и остварените приходи и трошоци во периодот јули - септември 2018 година се дадени во Прегледот бр. 2 во продолжение на текстот.

**Преглед бр. 2 на приходи и трошоци за период јули - септември 2019 година**

| | СПЕЦИФИЦИРАНИ ПРИХОДИ | ОСТВАРЕНО за III квартал од 2018 | ПЛАНИРАНО за III квартал од 2019 ( тековна година) | ОСТВАРЕНО за III квартал од 2019 | Споредбена анализа оств. тек. година/ оств. претх. Год. (%) | Споредбена анализа оств. тек. година / план. тек. год (%) | Структурна Анализа Тековна година (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Приходи од дејноста** | | | | | | |
| 1 | Претплата на службени весници на РСМ | 3.320.941 | 3.250.000 | 2.970.580 | -11 | -9 | 12 |
| 2 | Претплата на регистар на прописи на РСМ | 21.611 | 21.600 | 8.899 | -59 | -59 | 0 |
| 3 | Приходи од објавување на огласи | 11.407.970 | 11.780.000 | 16.744.883 | 47 | 42 | 68 |
| 4 | Претплата на електронската база на прописи на РСМ | 3.451.334 | 4.118.000 | 3.468.018 | 0 | -16 | 14 |
| 5 | Претплата на интегралното издание на Службен весник на РСМ | 605.559 | 688.500 | 593.200 | -2 | -14 | 2 |
| 6 | Приходи од проджба на стручна литература и други изданија | 7.104 | 4.500 | 4.299 | -39 | -4 | 0 |
| 7 | **Вкупно: (1 + 2 + 3 + 4 + 5 + 6)** | **18.814.518** | **19.862.600** | **23.789.879** | **26** | **20** | **97** |
| | **Останати приходи** | | | | | | |
| 8 | Финансиски приходи | 635.601 | 87.300 | 648.372 | 2 | 643 | 3 |
| 9 | Други приходи | 25.175 | 16.000 | 41.065 | 63 | 157 | 0 |
| 10 | **Вкупно останати приходи (8 + 9)** | **660.776** | **103.300** | **689.437** | **4** | **567** | **2,82** |
| | | | | | | | |
| 11 | **Вкупно приходи (7+10 )** | **19.475.294** | **19.965.900** | **24.479.316** | **26** | **23** | **100,00** |

| | СПЕЦИФИЦИРАНИ РАСХОДИ | ОСТВАРЕНО за III квартал од 2018 година | ПЛАНИРАНО за III квартал од 2019 година | ОСТВАРЕНО за III квартал од 2019 година | Споредбена анализа оств. тек. год/ оств. претх. год (%) | Споредбена анализа оств. тек. год / план. тек. год (%) | Структурна Анализа Тековна година (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Расходи од дејноста** | | | | | | | |
| **1** | **Трошоци за издавање** | **1.612.753** | **1.920.000** | **1.929.191** | **20** | **0** | **13** |
| | Трошоци за печатење на службени весници | 1.610.055 | 1.900.000 | 1.928.211 | 20 | 1 | 13 |
| | Трошоци за стручна литература и други изданија | 2.698 | 20.000 | 980 | -64 | -95 | 0 |
| **2** | **Трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар** | **378.631** | **770.000** | **430.934** | **14** | **-44** | **3** |
| | Канцелариски материјали | 81.509 | 155.000 | 127.425 | 56 | -18 | 1 |
| | Материјали за тековно и инвестиционо одржување | 28.425 | 27.000 | 4.601 | -84 | -83 | 0 |
| | Материјали за чистење и одржување хигиена | 13.691 | 27.000 | 16.732 | 22 | -38 | 0 |
| | Помошни и други материјали | 3.330 | 5.000 | 1.600 | -52 | -68 | 0 |
| | Електрична и топлотна енергија | 190.614 | 400.000 | 192.882 | 1 | -52 | 1 |
| | Горива и масла за возила | 49.194 | 75.000 | 63.444 | 29 | -15 | 0 |
| | Резервни делови | 6.360 | 75.000 | 24.250 | 281 | -68 | 0 |
| | Ситен инвентар и автогуми | 5.508 | 6.000 | 0 | -100 | -100 | 0 |
| **3** | **Трошоци за услуги** | **1.128.975** | **1.468.850** | **1.052.045** | **-7** | **-28** | **7** |
| | Транспортни услуги | 0 | 5.000 | 464 | 0 | -91 | 0 |
| | Поштенски услуги | 257.355 | 268.800 | 277.154 | 8 | 3 | 2 |
| | Телефонски и други телекомуникациски услуги | 59.431 | 72.500 | 59.585 | 0 | -18 | 0 |
| | Интернет услуги | 69.315 | 95.800 | 103.356 | 49 | 8 | 1 |
| | Графички услуги | 0 | 15.000 | 0 | 0 | -100 | 0 |
| | Тековно и инвестиционо одржување | 69.162 | 343.500 | 22.870 | -67 | -93 | 0 |
| | Трошоци за софтверско одржување | 521.274 | 550.000 | 506.274 | -3 | -8 | 3 |
| | Услуги за одржување на хигиена | 84.997 | 15.000 | 7.500 | -91 | -50 | 0 |
| | Наемнина за деловен простор | 34.290 | 35.000 | 34.314 | 0 | -2 | 0 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Комунални услуги | 20.251 | 20.000 | 17.532 | -13 | -12 | 0 |
| | Пропаганда, реклама, промоција и маркетинг услуги | 0 | 22.000 | 0 | 0 | -100 | 0 |
| | Регистрација на моторни возила | 0 | 0 | 11.426 | 0 | 0 | 0 |
| | Останати услуги | 12.900 | 26.250 | 11.570 | -10 | -56 | 0 |
| **4** | **Плати, надоместоци на плати и останати трошоци на вработени** | **8.733.007** | **9.363.000** | **8.875.646** | **2** | **-5** | **60** |
| | Плати и надоместоци на плати | 8.685.811 | 9.339.000 | 8.850.559 | 2 | -5 | 60 |
| | Отпремнина за заминување во пензија | 47.196 | 0 | | -100 | 0 | 0 |
| | Помошти на вработени | 0 | 24.000 | 25.087 | 0 | 5 | 0 |
| | Трошоци за регрес на годишен одмор | 0 | 0 | | 0 | 0 | 0 |
| **5** | **Трошоци за амортизација** | **1.719.520** | **2.038.656** | **1.906.827** | **11** | **-6** | **13** |
| **6** | **Вкупно оперативни расходи (1+2+3+4+5)** | **13.572.886** | **15.560.506** | **14.194.643** | **5** | **-9** | **96** |
| **7** | **Останати раходи** | | | | | | |
| 7.1 | Трошоци за службени патувања | 5.400 | 40.000 | 5.400 | 0 | -87 | 0 |
| 7.2 | Трошоци за репрезентација | 14.705 | 75.000 | 26.585 | 81 | -65 | 0 |
| 7.3 | Надомест на Управен одбор | 174.850 | 190.000 | 172.779 | -1 | -9 | 1 |
| 7.4 | Надомест на Надзорен одбор | 173.331 | 173.500 | 160.188 | -8 | -8 | 1 |
| 7.5 | Надомест на трошоци на директор | 11.777 | 17.250 | 11.777 | 0 | -32 | 0 |
| 7.6 | финансиска помош на физички лица | 0 | 25.000 | 0 | 0 | -100 | 0 |
| 7.7 | Стручно усовршување | 5.000 | 50.000 | 5.000 | 0 | -90 | 0 |
| 7.8 | Премии за осигурување | 0 | 50.000 | 0 | 0 | -100 | 0 |
| 7.9 | Банкарски услуги | 39.006 | 41.600 | 34.903 | -11 | -16 | 0 |
| 7.10 | Трошоци за лиценци | 64.707 | 79.500 | 0 | -100 | -100 | 0 |
| 7.11 | Трошоци за интелектуални услуги | 171.010 | 209.600 | 138.478 | -19 | -34 | 1 |
| 7.12 | Ревизорски услуги | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 7.13 | Трошоци за весници и стручна литература | 0 | 5.000 | 0 | 0 | -100 | 0 |
| 7.14 | Трошоци за ISO 9001:2015 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 7.15 | Трошоци за систематски преглед | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 7.16 | Останати непредвидени трошоци | 17.540 | 121.250 | 5.273 | 443 | -21 | 1 |
| **8** | **Вкупно останати расходи** | **677.326** | **1.077.700** | **650.383** | **-4** | **-40** | **4** |
| **9** | **Вкупно расходи (6+8 )** | **14.250.212** | **16.638.206** | **14.845.026** | **4** | **-11** | **100** |

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА:

### 1. ПРИХОДИ

Од податоците дадени во Прегледот бр.2 може да се констатира дека, вкупните остварени приходи во третото тримесечие во 2019 година споредени со вкупните остварени приходи во третото тримесечие во 2018 година бележат зголемување за 26 % или остварувањето по ставки е како следи:

-Ставката, **Претплата на „Службен весник на РСМ“ во печатено издание**, бележи намалување за 11% во однос на истиот период од 2018 година, поради намалениот број на претплатници и бројот на примероци по претплатници;

-Ставката, **Претплата на Регистар на прописи**, бележи намалување за 59% во однос на истиот период од 2018 година, поради намален број на претплатници;

-Ставката, **Огласи за објавување**, бележи зголемување за 47% во однос на истиот период од 2018 година;

-Ставката, **Претплата на електронско издание на базата на прописи на РСМ**, е на исто ниво во однос на истиот период од 2018 година;

-Ставката, **Претплата на интегрално издание на Службен весник на РСМ**, бележи намалување за 2% во однос на истиот период од 2018 година;

-Ставката, **Продажба на литература**, бележи намалување од 2.805 денари во однос на истиот период од 2018 година;

-Ставката, **Финансиски приходи**, бележи зголемување за 2% во однос на истиот период од 2018 година, поради поголем износ на орочени средства.

-Ставката, **Други приходи**, бележи зголемување за 63% во однос на истиот период од 2018 година, поради наплата на надомест на штета, отпишани побарувања по пат на судска постапка и приходи од продажба на Е-отпад(старо железо).

### 2. ТРОШОЦИ

Вкупните трошоци во третото тримесечие во 2019 година изнесуваат 14.845.026 денари и споредени со вкупните трошоци остварени во истиот период од 2018 година бележат зголемување за 4% или остварувањето по ставки е како следи:

**1. Ставката, Трошоци за издавање**, бележи зголемување за 20% во однос на истиот период од 2018 година, а истото се должи на следното:

-Потставката, **Трошоци за печатење на службеното гласило „Службен весник на РСМ“**, бележи зголемување за 20% во споредба со истиот период од 2018 година, зголемен е бројот на изданија на службени весници и обемот на материјали за печатење. Во третото тримесечие во 2019 година, издадени се 68 броја службени весници што е за 8 броја повеќе во однос на истиот период во 2018 година и претставува зголемување за 13,3% додека во однос на обемот на отпечатени табаци по примерок, во анализираниот период во 2019 година отпечатени се 535 табаци што претставува зголемување за 32,4% во однос на отпечатените 404 табаци во истиот период во 2018 година.

**Просечна цена по страна** во третото тримесечие 2018 год. изнесувала 0,179 дени а во 2019 година 0,180 дени.

-Потставката, **Трошоци за стручна литература и други изданија**, изнесуваат 980 денари.

2. **Ставката, Трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар**, бележи зголемување за 14% во однос на истиот период од 2018 година, а се должи на следното:

-Потставката, **Трошоци за канцелариски материјали**, бележи зголемување за 56% во однос на истиот период од 2018 година или во апсолутен износ трошоците се поголеми за 45.916 денари, бидејќи цената на фотокопирната хартија е поголема за 72% (197 денари/2019 година, 114,25 денари 2018 година).

-Потставката, **Трошоци за материјали за тековно и инвестиционо одржување**, бележи намалување за 84% во однос на истиот период од 2018 година и изнесуваат 4.601 денар.

-Потставката, **Трошоци за материјали за чистење и одржување хигиена**, бележи зголемување за 22% во однос на истиот период од 2018 година или во апсолутен износ трошоците се зголемени за 3.041 денари;

-Потставката, **Трошоци за помошни и други материјали**, бележи намалување за 52% во однос на истиот период од 2018 година и изнесуваат 1.600 денари.

-Потставката, **Трошоци за електрична и топлотна енергија**, бележи зголемување за 1% или во апсолутен износ трошоците се зголемени за 2.268 денари во однос на истиот период од 2018 година;

-Потставката, **Трошоци за горива и масла за возила**, бележи зголемување за 29% во однос на истиот период од 2018 година или во апсолутен износ трошоците се зголемени за 14.250 денари;

-Потставката, **Трошоци за резервни делови**, изнесуваат 24.250 денари(ја сочинуваат трошоци за дел за принтер 11.000 денари, дополнителна пумпа и адаптер за вода 13.250 денари).

3. **Ставката, Трошоци за услуги**, бележи намалување за 7% во однос на истиот период од 2018 година, а се должи на следното:

-Потставката, **Трошоци за транспортни услуги**, изнесува 464 денари (такси превоз).

-Потставката, **Трошоци за поштенски услуги**, бележи зголемување за 8% во однос на истиот период од 2018 година, поради зголемениот број на испорачани пратки до крајните корисници;

-Потставката, **Трошоци за телекомуникациски услуги**, се на исто ниво во однос на истиот период од 2018 година и изнесуваат 59.585 денари.

-Потставката, **Трошоци за интернет услуги**, бележи зголемување за 49% во однос на истиот период од 2018 година, или во апсолутен износ трошоците се зголемени за 34.041 денар т.е. на месечно ниво по 11.347 денари поради зголемување на капацитетот на интернет линкот и бројот на сервери на резервната локација;

-Потставката, **Трошоци за тековно и инвестиционо одржување**, бележи намалување за 67% во однос на истиот период од 2018 година или во апсолутен износ трошоците се намалени за 46.292 денари.Во 2018 година се направени повеќе трошоци за услуга за сервисирање на клима уреди во износ од 26.000,00 ден.чистење на олуци, сервисирање на лифт и проверка на видео надзор.

-Потставката, **Трошоци за софтверско одржување**, *во кои спаѓаат апликација за архивско работење, финансиско и матерјално работење, апликативни решенија за подготовка на службеното гласило, веб базата на прописи, апликација за колаборација со нотари, извршители и судови, апликација за електронска трговија, апликација за размена на податоци со МВР и мобилна апликација*, бележи намалување за 3% во однос на истиот период од 2018 година или во апсолутен износ 15.000,00 денари, бидејќи во 2018 година редовното месечно одржување на апликацијата за електронско архивско работење во износ од 15.000 денари започна во 8 месец.

-Потставката, **Трошоци за услуги за одржување на хигиена**, бележат намалување во однос на истиот период од 2018 година за 91% или во апсолутен износ трошоците се намалени за 77.497,00 денари, а разликата се должи на немање потреба од ангажирање на фирма за генерално чистење на деловните простории .

-Потставката, **Трошоци за наемнина за деловен простор,** се на исто ниво како и во анализираниот период во 2018 година.

-Потставката, **Трошоци за комунални услуги**, бележи намалување за 13% во однос на истиот период од 2018 година или во апсолутен износ трошоците се намалени за 2.719 денари;

-Потставката, **Трошоци за регистрација на моторни возила**, изнесува 11.426 денари (полиса за регистрација на две возила Пасат и Шкода).

-Потставката, **Трошоци за останати услуги**, бележи намалување за 10% или во апсолутен износ 1.330 денари во однос на истиот период од 2018 година а се однесува на услуги за паркирање, патарина, миење возила и кабловска .

**4.Ставката, Плати, надоместоци на плати и останати трошоци на вработени,** бележи зголемување за 2% во однос на истиот период од 2018 година а се должи на следното:

-Потставката, **Плати и надоместоци на плати,** бележи зголемување за 2% во однос на истиот период од 2018 година или во апсолутен износ од 164.748 денари бидејќи стапките на придонесите се зголемени а и септемврисаката плата.

-Потставката, **Трошоци за помошти на вработените ,** изнесува 25.087 денари. Овој трошок е направен за исплата поради смрт на мајка на вработено лице.

**5.Ставката, Трошоци за амортизација,** бележи зголемување за 11% во однос на истиот период во 2018 година или во апсолутен износ од 187.307 денари поради ново набавени материјални и нематеријални средства. Се вкупно од 01.01.2019 до 30.09.20019 година ново набавени нематерјални средства се во износ од 4.613.100 денари и тоа: 4 (четри) SSL сертификати и 1 (еден) сертификат за серверско дигитално потпишување во вредност од 202.383 денари, Надградба на апликацијата за нотари и извршители, Компонента за pdf електронско потпишување, Надградба на апликацијата за огласи за интеграција со АКМИС системот на Врховен Суд, Мобилна апликација „Службен весник на мобилен телефон“ и надградба на модулот за интеграција со ЕСЈН, согласно новиот закон за Јавни набавки во вкупна вредност од 3.113.100 денари, Symantec лиценци за период од 3 години во вредност од 1.297.617 денари во подготовка( за кои ќе се пресметува амортизација од декември) како и материјални средства во вредност од 215.617 денари и тоа : компјутерска опрема 181.307 денари и канцелариска опрема (3 камери за видео надзор и клима уред) 34.310 денари.

**6. Вкупно оперативни расходи кои погоре се објаснети бележат зголемување за 5% во однос на истиот период од 2018 година или во апсолутен износ за 621.757 денари а земаат апсолутно голем процент т.е. 96% од вкупните трошоци;**

**7. Ставката, Останати трошоци од работење,** бележи намалување за 4% во однос на истиот период од 2018 година или во апсолутен износ од 26.943 денари а се должи на следното:

-Потставката,**Трошоци за службени патувања**, изнесува 5.400,00 денари (сместување) за едно лице во Струмица во период 25.09-26.09.2019 година со цел следење на задолжително КПУ (континуирано професионално усовршување).

-Потставката, **Трошоци за репрезентација,** бележат зголемување во однос на истиот период од 2018 година во апсолутен износ од 11.880 денари.Вкупниот износ на репрезентација изнесува 26.585 денари од кои 12.658 денари за службени ручеци, а остатокот за бифе на претпријатието и две икебани за смрт на родители на двајца вработени.

-Потставката, **Трошоци за надоместоци на Управен одбор,** бележи намалување за 1% во однос на истиот период од 2018 година или во апсолутен износ трошоците се помали за 2.071 денар, пради помал број на членови од 20.07.2018 година.

-Потставката, **Трошоци за надоместоци на Надзорен одбор,** бележи намалување за 8% во однос на истиот период од 2018 година или во апсолутен износ трошоците се помали за 13.143 денари, бидејки на еден член на надзорен одбор мандатот му заврши на 17.07.2019 година и му е исплатен надомест од 6.261 денари,нето приход а на друг член на надзорен одбор мандатот му започнува на 13.08.2019 година и му е исплатено 5.909 денари нето приход.

-Потставката, **Трошоци за надоместок на трошоци на директор,** изнесува 11.777,00 денари и го сочинува надоместокот на трошоците за превоз за пристигнување на работа и враќање од работа во местото на живеење, Куманово, во висина на автобуска карта во двата правци на релација Куманово-Скопје (200,00 денари дневно);

-Потставката, **Трошоци за стручно усовршување,** се на исто ниво како и во анализираниот период во 2018 година, изнесуваат 5.000 денари (КПУ обука за 1 лице)

-Потставката, **Трошоци за банкарски услуги,** бележат намалување за 11% во однос на истиот период од 2018 година или во апсолутен износ трошоците се намалени за 4.103 денари поради намалени провизии на истите.

-Потставката, **Трошоци за интелектуални услуги,** бележат намалување за 19% во однос на истиот период во 2018 година, иако извршителските услуги бележат зголемување во 2019 година согласно пресуда 54ПЛ1-ТС-100/18 од 24.04.2018 година, по предмет ЕУРОТЕЛ ЕЗЕРСКИ ЛОЗЈА Струга, односно платено е на извршител износ од 26.125 денари и нотарски трошоци по пресуда 2.476 денари, од друга страна се ангажирани помалку лица по договор на дело за изработка на редакциски пречистени текстови.

-Потставката, **Останати непредвидени трошоци,** спаѓаат членарини за картички, надоместок на централен регистар, ДДВ за бесплатен пристап и рекламации, објавување на огласи,административни такси и помошно технички работи кои бележат зголемување за 443% во однос на истиот период од 2018 година или во апсолутен износ за 77.733 денари. Зголемувањето се должи на плаќање процесни трошоци за ненавремено плаќање согласно пресуда 54ПЛ1-ТС-100/18 од 24.04.2018 година, по предмет ЕУРОТЕЛ ЕЗЕРСКИ ЛОЗЈА Струга, автоматски печат, изготвување на каматни листи и уплата по предмет Ст. Бр.31/19 за Велес Табак, објава на оглас за вработување, токен, годишно членство во АППЛЕ стор, надомест на штета за возило, како и ангажман на едно лице по договор за дело за вршење на помошно технички работи во износ од 10.000 денари месечно.

## 4. ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ

| | СПЕЦИФИЦИРАНИ ПРИХОДИ /РАСХОДИ | ОСТВАРЕНО за III квартал од 2018 | ПЛАНИРАНО за III квартал од 2019 ( тековна година) | ОСТВАРЕНО за III квартал од 2019 | Споредбена анализа оств. тек. година/ оств. претх. Год. (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | Вкупно приходи од дејноста | 18.814.518 | 19.862.600 | 23.789.879 | 26 |
| **2** | Вкупно останати приходи | 660.676 | 103.300 | 689.437 | 4 |
| **3** | **Вкупно приходи (1+2)** | **19.475.194** | **19.965.900** | **24.479.316** | **26** |
| | **Расходи од дејноста** | | | | |
| 1 | Трошоци за издавање | 1.612.753 | 1.920.000 | 1.929.191 | 20 |
| 2 | Трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар | 378.631 | 770.000 | 430.934 | 14 |
| 3 | Трошоци за услуги | 1.128.975 | 1.468.850 | 1.052.045 | -7 |
| 4 | Плати, надоместоци на плати и останати трошоци на вработени | 8.733.007 | 9.363.000 | 8.875.646 | 2 |
| 5 | Трошоци за амортизација | **1.719.520** | 2.038.656 | 1.906.827 | 11 |
| **6** | **Вкупно оперативни расходи (1+2+3+4+5)** | **13.572.886** | **15.560.506** | **14.194.643** | **5** |
| 7 | Вкупно останати расходи | 677.326 | 1.077.700 | 650.383 | -4 |
| **8** | **Вкупно расходи (6+7 )** | **14.250.212** | **16.638.206** | **14.845.026** | **4** |
| | **Финансиски резултат** | **5.224.982** | **3.327.694** | **9.634.289** | **84** |

Во периодот јули - септември 2019 година остварен е позитивен финансиски резултат во износ од 9.634.289 денари и во споредба со истиот период во 2018 година бележи зголемување за 84%.

## 5. НЕИЗМИРЕНИ ОБВРСКИ

| | ОПИС | 2018 | 2019 | % |
|---|---|---|---|---|
| 4 | **Вкупно неизмирени обврски** | **358.738,00** | **2.713.833,00** | **100,00** |
| 1 | Трошоци за струја , вода, парно, комунал. хигиена, надомест на град.земјиште | 3.221,00 | 97.559,00 | 3,59 |
| 2 | Поштенски услуги | 91.569,00 | 173.512,00 | 6,39 |
| 3 | Телефонски трошоци | 36.849,00 | 30.367,00 | 1,12 |
| 4 | Маркетинг услуги | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 5 | Канцелариски материјали | 0,00 | 37.818,00 | 1,39 |
| 6 | Трошоци за горива | 0,00 | 19.490,00 | 0,72 |
| 7 | Материјали за одржување на хигиена | 0,00 | 6.862,00 | 0,25 |
| 8 | Одржување на софтвер | 192.054,00 | 192.054,00 | 7,08 |
| 9 | Одржување на опрема | 0,00 | 14.573,00 | 0,54 |
| 10 | Печатење на службени весници и други изданија | 32.569,00 | 445.417,00 | 16,41 |
| 11 | Трошоци за дневни весници и стручна литература | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 12 | Трошоци за интернет | 0,00 | 81.306,00 | 3,00 |
| 13 | Репрезентација | 0,00 | 6.776,00 | 0,25 |
| 14 | Набавка на опрема | 0,00 | 1.575.000,00 | 58,04 |
| 15 | Набавка на ситен инвентар | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 16 | Останати услуги | 2.476,00 | 33.099,00 | 1,22 |
| | **Обврски по основ на даноци** | | **1.065.891,00** | |
| | **Вкупно** | | **3.779.724,00** | |

Неизмирени обврски спрема добавувачи на претпријатието на крајот на третото тримесечие од 2019 година изнесуваат 2.713.833денари.

Во вкупните обврски спрема добавувачи најголемо учество имаат: набавка на опрема 58,04%, обврската за печатење на службеното гласило „Службен весник на РСМ" 16,41%, обврската за одржување на софтверите 7,08% обврската за поштенските услуги 6,39%, обврските за тековните трошоци за струја, вода, ѓубретарина, топлинска енергија 3,6%, или нивното учество во вкупните обврски изнесува 91,52%.

Горе наведените обврски се измирени во наредниот месец согласно нивната валута на доспевање.

## 6. НЕРЕАЛИЗИРАНИ ПОБАРУВАЊА

| | ОПИС | 2018 | 2019 | % |
|---|---|---|---|---|
| 5 | **Вкупно ненаплатени побарувања од купувачи** | **6.540.920,00** | **8.919.110,00** | **100,00** |
| | Извршени услуги- објавување на огласи | 6.253.709,00 | 8.419.823,00 | 94,40 |
| | Претплата на службени весници | 60.600,00 | 90.900,00 | 1,02 |
| | Претплата на Регистар | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| | Претплата на електронски изданија | 226.611,00 | 407.875,00 | 4,57 |
| | Продажба на стручна литература и други изданија | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| | Претплата на службени весници во странство | | 512,00 | 0,01 |
| | Од префактурирана електрична енергија | | 0,00 | 0,00 |
| | **Побарувања по основ на даноци** | | **265.953,00** | |
| | **Финансиски побарувања** | | **5.478,00** | |
| | **Вкупно** | | **9.190.541,00** | |

Побарувањата од купувачи на крајот на третото тримесечие од 2019 година изнесуваат вкупно 8.919.110 денари.Вкупните ненаплатени побарувања ги сочинуваат: ставката извршени услуги за објавени огласи (во најголем дел тендери за јавни набавки) 94,40%, ставката претплата на службени весници 1,02% и ставката претплата на електронски изданија 4,57%.

Во вкупните ненаплатени побарувања од купувачи, побарувањата од јавниот сектор изнесуваат 7.806.748 денари или 87,53%, додека побарувањата од трговските друштва и други субјекти изнесуваат 1.111.850 денари или 12,47%. Во вкупните побарувања од јавниот сектор побарувањата од министерствата и органите во состав на министерствата изнесуваат 1.075.625 денари или 13,78%, побарувањата од општините и јавните установи изнесуваат 4.913.323 денари или 62,94% и побарувањата од јавните претпријатија изнесуваат 1.817.800 денари или 23,28%.

## 7. СОСТОЈБА НА ТРАНСАКЦИСКИТЕ СМЕТКИ

| | ОПИС | 2018 | 2019 | % |
|---|---|---|---|---|
| 6 | **Состојба на трансакциски сметки** | **88.010.358,00** | **98.773.891,00** | **100,00** |
| | Комерцијална банка | 11.071.209,00 | 902.385,00 | 0,91 |
| | Халкбанк | 4.538.669,00 | 250.495,00 | 0,25 |
| | Прокредит | 0,00 | 96.333.098,00 | 97,53 |
| | Тутунска банка | 6.129.434,00 | 273.234,00 | 0,28 |
| | Централна кооперативна банка | 44.667.206,00 | 119.598,00 | 0,12 |
| | Универзална Инвестициона банка | 3.734.034,00 | 114.768,00 | 0,12 |
| | ТТК банка | 2.094.888,00 | 35.166,00 | 0,04 |
| | Стопанска Банка | 7.984.642,00 | 528.107,00 | 0,53 |
| | Еуростандард банка | 58.915,00 | 93.825,00 | 0,09 |
| | Шпаркасе банка | 7.731.361,00 | 123.215,00 | 0,12 |

Состојбата на средствата на сметките на крајот на третото тримесечие од 2019 година изнесува 98.773.891 денари и во однос на истиот период од 2018 година средствата бележат зголемување за 12,23% .

# 8. БИЛАНС НА СОСТОЈБА

| | 1. БИЛАНС НА СОСТОЈБА | ОСТВАРЕНО | ПЛАНИРАНО | ОСТВАРЕНО | Споредбена анализа | Споредбена анализа | Структурна Анализа Тековна година (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | за III квартал од 2018 (претходна година) | за III од 2019 година | за III од 2019 година | оств. тек. година/ оств. претх. година (%) | оств. тек. година / план. тек. Година (%) | |
| | **АКТИВА** | | | | | | |
| 1 | Парични средства | -92.648.562 | -9.259.700 | 87.997.398 | -95 | -950 | 1.181 |
| 2 | Побарувања | -877.473 | 23.475.137 | -150.203 | 17 | -1 | -2 |
| 3 | Залихи | 18.508 | 0 | -1.031 | -6 | 0 | 0 |
| 4 | Краткорочни финансиски средства | -40.000.000 | 0 | -80.000.000 | 200 | 0 | -1.073 |
| 5 | Други тековни средства (АВР) | 333.293 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 6 | **Тековна актива** (1 + 2 + 3 + 4 + 5) | **-133.174.234** | **14.215.437** | **7.846.164** | -6 | 55 | 105 |
| 7 | Материјални средства и вложувања во недвижности | 2.512.322 | -2.038.656 | -1.059.947 | -42 | 52 | -14 |
| 8 | Долгорочни финансиски вложувања | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 9 | Нематеријални средства | 1.147.407 | 0 | 667.828 | 58 | 0 | 9 |
| 10 | Долгорочни финансиски средства | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 11 | Други средства | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 12 | **Вкупна актива** (6 + 7 + 8 + 9 + 10 + 11 ) | **-129.514.505** | **12.176.781** | **7.454.045** | -6 | 61 | 100 |
| 13 | Вонбилансна актива | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | **ПАСИВА** (Обврски и Акционерски капитал) | **ОСТВАРЕНО** | **ПЛАНИРАНО** | **ОСТВАРЕНО** | **Споредбена анализа** | **Споредбена анализа** | **Структурна Анализа Тековна година (%)** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **за квартал од претходна година** | **за квартал од тековна година** | **за квартал од тековна година** | **оств. тек. година/ оств. претх. година (%)** | **оств. тек. година / план. тек. Година (%)** | |
| 14 | Краткорочни обврски | -84.627 | 8.849.087 | 1.894.435 | -2.239 | 21 | 25 |
| 15 | Одложено плаќање на трошоци и приходи (ПВР) | 875.718 | 0 | 913.647 | 104 | 0 | 12 |
| 16 | **Тековни обврски** (14+15) | **791.091** | **8.849.087** | **2.808.082** | 355 | 32 | 38 |
| 17 | Долгорочни обврски | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 18 | Други долгорочни обврски и резервирања за ризици и трошоци | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 19 | **Нетековни обврски** (17+18) | **0** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 20 | **Обврски** (16+19) | **791.091** | **8.849.087** | **2.808.082** | 355 | 32 | 38 |
| 21 | Капитал | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 22 | Акумулирана добивка | -130.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 23 | Резерви | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 24 | Ревалоризациони резерви | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 25 | Добивка/ Загуба за деловната година | -305.596 | 3.327.694 | 4.645.963 | -1.520 | 140 | 62 |
| 26 | **Вкупен капитал** (21+22+23+24+25) | -130.305.596 | 3.327.694 | 4.645.963 | -4 | 140 | 62 |
| 27 | **Вкупно Обврски и капитал** (20+26) | **-129.514.505** | **12.176.781** | **7.454.045** | -6 | 61 | 100 |
| 28 | Вонбилансна пасива | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

*Во планираниот период се опфатени настани предизвикани од планираните приходи и расходи на претпријатието, исто така треба да се има во предвид дека не е земена почетната состојба на билансот што рефлектира со големи дискрепанции во планирано и остварено на поодделни позиции.

## 9. БИЛАНС НА УСПЕХ

| | **2. БИЛАНС НА УСПЕХ** | **ОСТВАРЕНО за III од 2018 година** | **ПЛАНИРАНО за III од 2019 година** | **ОСТВАРЕНО за III од 2019 година** | **Споредбена анализа оств. тек. година/ оств. претх. год (%)** | **Споредбена анализа оств. тек. година / план. тек. Година (%)** | **Структурна анализа тековна година (%)** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 29 | Приходи од продажба | 13.716.319 | 19.862.600 | 19.053.569 | 139 | 96 | 100 |
| 30 | Останати оперативни приходи | 19.445 | 16.000 | 27.685 | 142 | 173 | 0 |
| 31 | **Вкупно оперативни приходи** (29+30) | **13.735.764** | **19.878.600** | **19.081.254** | 139 | 96 | 100 |
| 32 | Потрошени суровини и материјали | 1.507.606 | 2.238.850 | 1.482.979 | 98 | 66 | 10 |
| 33 | Трошоци за вработените | 8.733.007 | 9.363.000 | 8.875.646 | 102 | 95 | 60 |
| 34 | Амортизација на материјални средства | 1.719.521 | 2.038.656 | 1.906.827 | 111 | 94 | 13 |
| 35 | Вредносно усогласување на тековни средства | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 36 | Набавна вредност на продадени стоки | 1.612.753 | 1.920.000 | 1.929.191 | 120 | 100 | 13 |
| 37 | Останати оперативни расходи | 677.326 | 1.077.700 | 649.368 | 96 | 60 | 4 |
| 38 | **Вкупно оперативни расходи** (32+33+34+35+36+37) | **14.250.213** | **16.638.206** | **14.844.011** | 104 | 89 | 100 |
| 39 | **Добивка од оперативно работење** (31+38) | **-514.449** | **3.240.394** | **4.237.243** | -824 | 131 | 87 |
| 40 | Приходи од финансирање | 635.600 | 87.300 | 648.372 | 102 | 743 | 13 |
| 41 | Расходи од финансирање | 0 | 0 | 1.015 | 0 | 0 | 0 |
| 42 | **Добивка пред оданочување** (39+40-41) | **121.151** | **3.327.694** | **4.884.600** | 4.032 | 147 | 100 |
| 43 | Данок на добивка | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 44 | **Нето добивка / загуба** | **0** | **0** | 0 | 0 | 0 | 0 |

*Примена на принципот на спротивставување на приходите со расходите доведува до разлика на Приходите во биласот на успех со приходите прикажани во табелата-специфицирани приходи/расходи .

**Разликата помеѓу приходите се приходи кои се однесуваат за останатите девет месеци.

***Од горенаведените причини произлегува и разликата на добивката искажана во БУ со добивката во табелата-специфицирани приходи/расходи.

## 10. АМОРТИЗАЦИЈА

| | СПЕЦИФИКАЦИЈА НА ФИКСНИ СРЕДСТВА И АМОРТИЗАЦИЈА [1] | СОСТОЈБА | АМОРТИЗАЦИЈА | СОСТОЈБА | АМОРТИЗАЦИЈА | ПРЕДВИДЕНА АМОРТИЗАЦИЈА за следен квартал од тековна година | Процент на промена на основни средства (%) | Процент на промена на амортизација (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | за III квартал од 2018г | за III квартал од 2018г | за III квартал од тековна 2019 година | за III квартал од тековна 2019г | | | |
| | | година | година | | година | | | |
| | **МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА** | | | | | | | |
| 1 | Имот, машини и опрема | 3.627.250,00 | 940.631,40 | 14.708,00 | 904.915,70 | 1.334.415,00 | 0,41 | 96,20 |
| 2 | Возила | 0,00 | 151.917,70 | 0,00 | 151.917,70 | 151.918,00 | 0,00 | 100,00 |
| 3 | Мебел и вградување на мебел | 0,00 | 4.583,90 | 0,00 | 4.583,80 | 4.584,00 | 0,00 | 100,00 |
| 4 | Останати материјални основни средства | 0,00 | 17.793,90 | 0,00 | 13.237,50 | 17.795,00 | 0,00 | 74,39 |
| 5 | **Вкупно материјални средства** (1 + 2 + 3 + 4) | **3.627.250,00** | **1.114.926,90** | **14.708,00** | **1.074.654,70** | **1.508.712,00** | **0,41** | **370,59** |
| | **НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА** | | | | | | | |
| 6 | Дадени аванси | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 7 | Права | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 8 | Гудвил | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 9 | Трошоци за истражување и развој | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 10 | Други нематеријални средства | 1.752.000,00 | 604.593,10 | 202.383,00 | 832.172,20 | 642.821,00 | 11,55 | 137,64 |
| 11 | **Вкупно нематеријални средства** (6 +7 + 8 + 9 + 10) | **1.752.000,00** | **604.593,10** | **202.383,00** | **832.172,20** | 642.821,00 | 11,55 | 137,64 |
| 12 | **Вкупно расходи** (5 +11 ) | **5.379.250,00** | **1.719.520,00** | **217.091,00** | **1.906.826,90** | **2.151.533,00** | **11,96** | **508,24** |

## 11. КАПИТАЛ

| 7. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО КАПИТАЛОТ | ОСТВАРЕНО | ПЛАНИРАНО | ОСТВАРЕНО | Споредбена анализа | Споредбена анализа | Структурна Анализа Тековна година (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | за III квартал од претходна година 2018 | за III квартал од тековна година 2019 | за квартал од тековна година | оств. тек. година/ оств. претх. година (%) | оств. тек. година / план. тек. Година (%) | |
| Акумулирана добивка од претходна година | -130.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Нераспределена добивка на почетокот на периодот | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Нето добивка/загуба за деловната година | -305.596 | 3.327.694 | 4.645.963 | -1.520 | 140 | 100 |
| Резерви | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Ревалоризациони резерви | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Дивиденда | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Усогласувања на задржаната добивка | | | | 0 | 0 | |
| **Нераспределена добивка на крајот на периодот** | **-305.596** | **3.327.694** | **4.645.963** | **-1.520** | **140** | **100** |

## 12. КВАРТАЛНИ ПОДАТОЦИ

| ПРЕГЛЕД НА КВАРТАЛНИ ПОДАТОЦИ | КВАРТАЛ 1 | | | КВАРТАЛ 2 | | | КВАРТАЛ 3 | | | КВАРТАЛ 4 | | | ВКУПНО | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | План[1] | Реали-зација[2] | Промена (%) | План | Реали-зација | Промена (%) | План | Реали-зација | Промена (%) | План | Реали-зација | Промена (%) | План | Реали-зација | Промена (%) |
| Тековна актива | 10.064 | 261.728 | 2.501 | 13.861 | -788 | -106 | 14.215 | 7.846 | -45 | 4.705 | 0 | -100 | 42.845 | 0 | 0 |
| Тековни обрвски | 8.002 | 4.733 | -41 | 9.202 | -1.113 | -112 | 8.849 | 2.808 | -68 | 7.306 | 0 | -100 | 33.359 | 0 | 0 |
| Вкупно приходи од дејноста | 15.719 | 32.290 | 105 | 19.050 | 15.223 | -20 | 19.879 | 19.081 | -4 | 12.742 | 0 | -100 | 67.345 | 0 | 0 |
| Вкупно приходи | 16.161 | 32.292 | 100 | 19.389 | 16.146 | -17 | 19.966 | 19.729 | -1 | 12.742 | 0 | -100 | 68.268 | 0 | 0 |
| Вкупно расходи од дејноста | 15.940 | 15.042 | -6 | 16.709 | 15.901 | -5 | 16.638 | 14.844 | -11 | 17.495 | 0 | -100 | 66.782 | 0 | 0 |
| Вкупно расходи | 15.940 | 15.042 | -6 | 16.709 | 15.974 | -4 | 16.638 | 14.845 | -11 | 17.495 | 0 | -100 | 66.782 | 0 | 0 |
| Трошоци за плата | 8.901 | 8.730 | -2 | 8.977 | 8.761 | -2 | 9.339 | 8.876 | -5 | 9.623 | 0 | -100 | 36.840 | 0 | 0 |
| Просечен број на вработени | 50 | 50 | 0 | 51 | 50 | -2 | 54 | 50 | -7 | 55 | 0 | -100 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно трошоци за кредити | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Резерви | 66.332 | 84.578 | 28 | 0 | 735 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 66.332 | 0 | 0 |
| Капитал | 248.351 | 213.999 | -14 | 0 | 13.963 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 248.351 | 0 | 0 |
| Добивка / Загуба | 221 | 84.578 | 38.171 | 2.690 | 171 | -94 | 3.328 | 4.646 | 40 | -4.753 | 0 | -100 | 1.486 | 0 | 0 |
| Вкупно материјални средства | 100 | 51.621 | 51.521 | 3.100 | 181 | -94 | 180.000 | 15 | -100 | 29.300 | 0 | -100 | 212.500 | 0 | 0 |
| Вкупно нематеријални с-ва | 930 | 7.876 | 747 | 3.500 | 1.395 | -60 | 3.000 | 202 | -93 | 1.200 | 0 | -100 | 8.630 | 0 | 0 |
| Вкупно средства | 1.030 | 59.497 | 5.676 | 6.600 | 1.577 | -76 | 183.000 | 217 | -100 | 30.500 | 0 | -100 | 221.130 | 0 | 0 |

ЈП Службен весник на РСМ